‚Во себе чувствуваме толку лоши мисли кои не се осмелуваме да ги изговориме.’ Тој ги праша: ‚Навистина ли го чувствувате тоа?’ Тие одговорија: ‚Да.’ Тој рече: ‚Тоа е јасен показател на иманот.’“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, рекол: „Некои од асхабите на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, дојдоа и го прашаа: ‚Во себе чувствуваме толку лоши мисли кои не се осмелуваме да ги изговориме.’ Тој ги праша: ‚Навистина ли го чувствувате тоа?’ Тие одговорија: ‚Да.’ Тој рече: ‚Тоа е јасен показател на иманот.’“

[رواه مسلم] [صحيح]

Некои од асхабите на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, дојдоа и го прашаа за лошите мисли што ги чувствуваат во себе, кои се толку ужасни што не се осмелуваат да ги изговорат поради нивната грдост и одвратност. На тоа Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рече: „Тоа што го чувствувате е јасен показател на иманот и убеденоста што ве тера да го спречите она што шејтанот го фрла во срцето и да се згрозите од изговарањето на таквите мисли. Шејтанот не успеал да ги освои вашите срца, за разлика од оние чии срца ги освоил и кои не се борат против него.“

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65011